Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Делчево , на својата четврта редовна седница одржана на ден 30.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за именување членови на Совет за социјална заштита на Општина Делчево**

**Член 1**

За остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

**Член 2**

За членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево се именуваат:

- ***Сузана Петровска***, претставник на Општина Делчево,
- ***Марија Аџиска***, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево,
- ***Кристина Аралампиевска***, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево,
- ***Спец. Др Билјана Ѓеоргиевска*** , претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево,
- ***Александра Трајановска*** , претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- ***Даниела Трајановска*** претставник на Центар за вработување Делчево,
- ***Наташа Јаневска Колевска***, претставник на СОУ „М.М.Брицо„ Делчево,
- ***Александра Гошевска***, претставник на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево,
- ***Верица Боинска***, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево,
- ***Ивана Ангеловски***, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- ***Александар Николов***, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА„ Делчево,
- ***Санела Момчилов***, претставник на НВО КХАМ Делчево,
- ***Зоран Биковски***, претставник на Организација ЖЕНА Делчево,
- **Презвитер Милан Ничевски**, претставник на Делчевско – Каменичка епархија
- **Оџа *Сефадин Селимовски***, претставник на Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево

**Член 3**

Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги има следните надлежности:

- изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,
- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Член 4

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Бр.09-295/1 Претседател

30.01.2026 година Николчо Стојменовски

Делчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО